РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-1795/9
15.04.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАПИСНИК**
**од 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 08.04.2024 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата преку видео конференциска врска:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААМУ, Селвер Ајдини заменик на претседател на Советот на АААМУ, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата преку видео конференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба преку видео конференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, Цветанка Митревска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Арбен Саити, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 14-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:30 часот и се одржа преку видео конференциска врска.

Советот на Агенцијата едногласно, со 6 гласа „за“, го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на Предлог-записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2024 година.
2. Предлог-одлука за поништување на Одлуката Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024г. за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ.
3. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на операторот СПАЈДЕР ДООЕЛ од Гевгелија.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на издавачот на печатен медиум Колор Медиа Плус од Скопје.
5. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Превентивно и адаптивно одржување на софтверот за системот за мониторирање на РА и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

6. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: Одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата.
7. Предлог за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – стока: Ситен и потрошен информатички материјал.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 13-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 02.04.2024 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за донесување Одлука со која ќе се поништи Одлуката за одземање на дозволата за радио емитување на ТРД Радио Александар Македонски од Кичево. Објасни дека заради неплаќање на надоместокот односно фактурата за радио емитување на Радио Александар Македонски, Советот на Агенцијата ја одзема дозволата на овој радиодифузер. Причината за одземањето на дозволата беше што на овој правен субјект му беше блокирана сметката и не можеше да изврши уплата на средства за дозволата на сметка на АВМУ. По одземањето на дозволата во законски утврдениот рок од 30 дена, радиодифузерот го плати надоместокот, поднесе тужба пред Управниот суд за поништување на Одлуката на Агенцијата, бидејќи се отстранети причините заради кои што е одземена дозволата и заклучно со денес ги уплати и дополнителни трошоци кои ги имаше Агенцијата, за објавување на Одлуката за одземање на дозволата во два дневни весници и во Службен Весник на РСМ. Информира дека освен што ја платил дозволата, радиодифузерот го платил и целиот останат финансиски трошок кој што го имаше Агенцијата заради постапката за одземање на дозволата.

Советот на Агенцијата едногласно донесе Одлука со која се поништи во целост Одлуката на Советот на Агенцијата Уп1 бр.0803-63 од 04.03.2024 година за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво (ТРД) РАДИО АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ Илија Таневски Кичево ДООЕЛ, Уп1 бр.08-102 од 07.09.2023 година, поради тоа што радиодифузерот во целост ја исполни законската обврска за плаќање на годишниот надоместок за дозволата за радио емитување, согласно издадената ф-ра бр.2024-100-0055 од 11.01.2024г. (наш арх.бр.0503-232/1 од 11.01.2024г.) и во целост ги платил трошоците кои произлегуваат во постапката за враќање на дозволата.

Г-дин Петрушевски рече да се извести и Управниот суд за да може радиодифузерот ТРД Радио АЛЕКСАНДАР МАКЕДОНСКИ слободно да работи.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на операторот СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија. Објасни дека Друштвото за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија, кој според нотификацијата од Агенцијата за електронски комуникации може да врши дејност на територијата општините Гевгелија и Богданци, на ден 02.04.2024 година за своите корисници го реемитувал програмскиот сервис „Planeta“ кој не е опфатен со потврдата за регистрација на програмски сервиси

издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Од тие причини, и бидејќи прекршокот е направен прв пат во оваа година, се предлага изрекување на мерка јавна опомена.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор, бр.11-1772/1 од 03.04.2024 година и заклучи на Друштвото за радиодифузна дејност СПАЈДЕР ДООЕЛ Гевгелија да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 141 од ЗААВМУ и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по Решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му наложи веднаш по приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

**Точка 4**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на "The Economist". Објасни дека со контролниот административен надзор кој е направен во февруари 2024г. е констатирано дека и покрај претходно изречената јавна опомена, издавачот на печатениот медиум, не ја исполнил во целост обврската во импресумот да ги објави сите податоци кои што треба согласно Законот за медиуми, туку само делумно ги објавил податоците. Согласно Законот побарано е од издавачот да се изјасни, при што е кажано дека станува збор за ненамерна грешка, со оглед на тоа што печатениот медиум излегува еднаш годишно и дека во следното издание ќе ја исполнат законската обврска во целост.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен контролен административен надзор, бр.0304-1008/1 од 26.02.2024 година и заклучи на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЛОР МЕДИА ПЛУС ДОО Скопје, издавач на "The Economist" да му изрече мерка јавна опомена за прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми и во согласност со точката 8 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година му во рок од 30 дена од денот на приемот на Решението за јавна опомена да го усогласи своето работење со ЗААВМУ.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: превентивно и адаптивно одржување на софтверот за системот за мониторирање на РА и ТВ сервиси и надзор на ОЈЕКМ. Објасни дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки на Агенцијата за 2024 година. Средствата се предвидени во Финансискиот план за оваа година, а бидејќи договорот кој ќе произлезе од оваа постапка за јавна набавка ќе се склучи за период од 2 години, истите средства ќе се дообезбедат и во финансиските планови наредната година. Според износот на проценетите средства оваа постапка ќе се спроведе како отворена постапка, со почитување на одредбите од Законот за јавни набавки за овој вид постапка, што значи дека огласот ќе биде објавен во електронскиот систем, Службен Весник на РСМ и Службеното гласило на Европската унија.

Г-дин Трајчев праша дали е правилно во овој момент да се започнуваат вакви постапки за набавки и да се одобруваат вакви постапки да може да се објават, од аспект на тоа дека е изборен период.

Г-дин Петрушевски објасни дека ако јавната набавка веќе ја има во Годишен план за јавни набавки, и дека спроведувањето на набавката е согласно Законот. Објасни дека во изборен период не може да се надополнува Годишен план за јавни набавки, но ако веќе се усвоени во Годишниот план за јавни набавки, нема никакви законски пречки нормално да се одвиваат набавките.

Г-дин Трајчев посочи дека прашањето се однесуваше повеќе на носењето на Одлука за одобрување на набавката, каде што и директорот носи Одлука и тие како Совет ја одобруваат целата процедура, во тој дел дали е дозволено во овој период.

Г-дин Трајчевски објасни дека е дозволено, бидејќи не може да се спроведе набавката ако не се отпочне постапката, а бидејќи е предвидена во Финансискиот план и Планот за јавни набавки, законски е дозволено. Објасни дека тековниот договор за одржување на софтверот истекува во јуни и овој период е веќе оптимален за да се реализира оваа набавка, да се избере оператор, за да може да се продолжи со одржувањето на системот.

Г-дин Фиданоски во контекст на дискусијата, рече дека според него доколку набавките се предвидени во Финансискиот план и во Планот за јавни набавки, нема пречка, иако е изборен период, затоа што набавката е однапред предвидена и во кој период треба да се спроведе за да се запазат и роковите и за да имаме континуитет во користењето на ваквата јавна набавка. Проблем би било доколку во овој период има ситуација, па дури и да е ургентна, да треба да се прави пренамена на финансиски средства, тогаш веќе би било дискутабилно.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Превентивно и адаптивно одржување на софтверот за системот за мониторирање на радио и тв сервиси и надзор на ОЈЕКМ.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Превентивно и адаптивно одржување на софтверот за системот за мониторирање на радио и тв сервиси и надзор на ОЈЕКМ, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година односно истите ќе бидат дообезбедени во Финансискиот план за 2025та година.

**Точка 6**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи Предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка – услуга: одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата. Објасни дека оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки и токму поради тоа се покренување постапка за нејзино спроведување. Објасни дека средствата се обезбедени во финансискиот план за 2024 година, и дека договорот што ќе произлезе ќе се склучи за период од една година. Според износот на проценетите средства оваа набавка ќе се спроведе согласно правилата за

поедностава отворена постапка од Законот за јавни набавки, што значи дека огласот за оваа набавка ќе се објави на електронскиот систем за јавни набавки и во Службен весник на Република Северна Македонија.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - услуга: Одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - услуга: Одржување на хигиена во деловните простории на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 7**

Раководителката на Секторот за правни работи и јавни набавки Цветанка Митревска го образложи предлогот за давање одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: ситен и потрошен информатички материјал. Објасни дека и оваа набавка е предвидена во Годишниот план за јавни набавки за 2024 година, дека набавката е од мала вредност која што ќе се спроведе со почитување на правилата од Законот за јавни набавки. Огласот ќе се објави само на електронскиот систем за јавни набавки.

Советот на Агенцијата едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: ситен и потрошен информатички материјал.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот - стока: ситен и потрошен информатички материјал, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2024 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.05-4729/1 од 22.12.2023 година, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2024-та година.

**Точка 8**

**Разно**

Немаше дискусија под Разно.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**